Совет на Општина Делчево
Број 09-1377/2
01.07.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од 25. седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 01.07.2023 година (сабота) во Мултимедијалниот центар, со почесток во 09.00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Седницата ја водеше и со неа претседаваше Гоце Попов кој за 25.седница го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од Вонредната седница

на Советот на Општина Делчево

1. Предлог-за одобрување на средства за изградба на детска градинка во Општина Делчево, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија ( „Сл.весник на РСМ“ бр.15/2022 година);

**Образлагач:** Билјана Прачковска- Секретар на Општина Делчево.

2. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања.

3. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Лејла Анакиевска-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево.

4.Одлука за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност нса подрачјето на Општина Делчево од сите рзицици и опасности;

**Образлагач**: Драган Балас-Претставник на Регионалниот центар за управување со кризи-Делчево.

5. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

6. Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план за Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

7.Годишна програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: По точките 6 и 7- Николина Петровска Мавродиева- Виш соработник за сообраќај и патишта.

8. Предлог-Одлука за одобрување на спонзорство на Црковен одбор на с. Тработивиште;

9.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 21.06.2023;

10. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1373/1 од 21.06.2023;

11.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1378/1 од 23.06.2023;

12.Предлог-Одлука за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево;

13. Предлог-Заклучок во врска со барање од жители на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 15.06.2023 година;

14.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект викенд-куќа зграда бр.2 по барање на Ѓеорги Костадинов;

**Образлагач**: По точките од 8 до 14-Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

15. Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

16.Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Образлагач:** Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

17. Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „Методи Митевски Брицо“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Образлагач:** Дијана Цонева-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

18.Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека на претходната (вонредна) седница кога советничката група на ВМРО ДПМНЕ сакала да го дополни дневниот ред со точка која се однесува на причините за поплавите во Делчево, од страна на претседателот на Советот било кажано дека за тоа секако треба да се разговара, но не на вонредната седница, туку на некоја наредна. Од причини што на дневен ред не е ставена таква точка, тој бара дополнување на дневниот ред со точка-утврдување на причините за поплавата во Делчево, настаната штета и евентуалната одговорност на институциите.

Контра реплика на Сашко Ивановски имаше Кирил Тренчевски кој рече дека причина за поплавите во Делчево и настанатата штета е невремето кое го зафати Делчево. За таа цел на вонредна седница била донесена одлука за прогласување на елементарна непогода и била формирана Комисија за утврдување и процена на штета.

Претседателот на Советот истакна дека има разбирање за загриженоста на советникот, ама на денешната седница во моментов, без извештај на  Комисијата за процена на штета и податоци, Советот не е во можност да дебатира и да донесува одлуки. Инаку, причината за поплавите и штетата е поради невремето, а што се однесува на забелешката дека таква точка нема на дневен ред, тој истакна дека до Советот нема поднесено  барање за таква точка.

Иван Гоцевски рече дека тие како советничка група на 09.06.2023 година доставиле барање до претседателот на Советот предлог измени на Програмата за родова рамноправност на жените и мажите. До денес нема повратна информација што со ваквиот предлог, освен кус одговор по телефон. Инаку, што се однесува до поднесувањата на барања и предлози за точки на дневниот ред, тој истакна дека има селективност бидејќи досега ниту еден нивни предлог не е ставен на дневен ред, додека некои точки се доставуваат 1 ден пред седница (вчера на 30.06.2023 им било доставено по е-маил ) или на самата седница.

Јасмина Ќурчиска рече дека до неа како претседател на Комисијата за еднакви можности не е доставено такво барање, предлог измени на Програмата за родова рамноправност на жените и мажите, ако било доставено сигурно ќе било разгледано.

Претседателот на Советот рече дека што се однесува до точката доставено по е-маил, а се однесува на Одлука за давање согласност на СОУ „Методи Митевски Брицо“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици, директорката  на гимназијата ја најавила точката уште пред 10 дена, но доставена е еден ден пред седницата бидејќи до 30.06.2023 до 10.00 часот им траел вториот уписен рок и чекале за да ја видат точната бројка на запишани ученици.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред била затворена и истиот бил ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Вонредната седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Записникот од Вонредната седница беше усвоен.

**Прва точка- Предлог-за  одобрување на средства за изградба на детска градинка во Општина Делчево,  согласно донесена  Програма на Влада на Република Северна Македонија ( „Сл.весник на РСМ“ бр.15/2022 година);**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Прачковска- Секретар на Општина Делчево која рече дека до сите членови на Совет е доставена одлука која е изготвена врз основа на склучен Договор за соработка број 03-4101/1 и број 08-901/1од 25.05.2022 година  помеѓу Министерство за труд и социјална политика застапувано од Министерот Јована Тренчевска и Општина Делчево, застапувана од Градоначалник Горан Трајковски, како и Договорот за групна набавка на градежни работи број 03-4102/1 и број 08-902/1 од 19.05.2022 година склучен помеѓу Министерство за труд и социјална политика застапуван од Министер Јована Тренчовска и Општина Делчево застапувана од градоначалникот Горан Трајковски. Одлуката се однесува на  одобрување на средства за

изградба на детска градинка во Општина Делчево,  согласно донесена  Програма на Влада на Република Северна Македонија. Таа истакна дека за изградба на детската градинка досега имало распишано 2 јавни повика, но ниту еден не бил успешен, односно немало заинтересиран економски оператор бидејќи никој не бил заинтересиран да ја гради детската градинка за 42.872.115 денари. Постапката била повторена и бил избран економски оператор за сума од 51.089.463,59 денари. Одлуката е потребна бидејќи рзликата во средства од  8.217.348 без ДДВ или 9.696.471 со ДДВ е потребно да бидат обезбедени од буџетот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата секако ќе ја поддржи оваа одлука која е во интерес на граѓаните, а најмногу на децата и рече дека најверојатно станува збор за техничка грешка во член 4, односно наместо сумата од 9.646.471 треба да стои 9.696.471 денари.

Секретарот на Општина Делчево, Б.Прачковска рече дека советникот е во право, станува збор за техничка грешка која треба да биде исправена, наместо сумата од 9.646.471 треба да стои 9.696.471 денари.

Оливера Ташевска праша колкав временски период е потребен  за раеализцаија на овој објект/проект?

Б.Прачковска истакна дека реализацијата на овој проект не зависи од Општина Делчево и не зависи од Советот на Општината туку од постапката за јавната набавка која ја распишува Министерството за труд и социјална политика. Првиот обид кога бла распишана јавна набавка за избор на најповолен понудувач бил неуспешен и затоа морало Владата на РСМ да донесува повторно одлука. Од тие причини Ве замолувам како Совет на Општината да ја донесете оваа одлука, по што потоа ќе следи потпишување на Договор, рече таа.

Сашко Ивановски праша кои фирми усчествувале на тендерот, а секретарот рече дека на тендерот се јавиле 5 фирми, а  најповолната понуда била 51.135.463 денари.

Иван Гоцевски рече дека воопшто не е спорно Советот да ја донесе оваа одлука и тие како советничка група на ВМРО ДПМНЕ да ја поддржат истата. Тој рече дека и за детската градинка ќе биде слична ситуација како со градскиот пазар, ќе мора да се донесуваат повеќе одлуки на Совет од причини што има инфлација од 4% и изрази сомнеж дали Опоштина Делчево ќе биде во можност да ги обезбеди тие 9 милиони денари дополнителни средства? Тој рече дека не е сигурен дека во овој момент детската градинка е приоритетен проект

Б.Прачковска рече дека нема потреба да има било какви сомнеж за било каква злоупотреба, Општина Делчево ќе ги обезбеди дополнителните 9 милиони денари исто како што било направено и за Градскиот пазар кој е исплатен во целост

Гоце Попов рече дека секогаш проектантските цени се разликуваат од реалните цени.

Сашко Ивановски рече дека сомнеж постои затоа што на подрачјето на општината една фирма е изведувач речиси на сите градежни работи.

Кирил Тренчевски рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ е многу загрижена за финансиската кондиција на општината и имаат сомнеж за многу работи. Тој рече дека и тој е критички настроен кон општината, но на интернет страницата на Бирото за јавни набавки ги има сите јавни набавки, се е транспарентно, секоја градежна фирма може да се пријави на било кој тендер.

Иван Гоцевски рече дека според него приоритетно во моментот е да се нанира мостот на улица „Индустриска " кој е во катастрофална состојба.

Б.Прачковска рече дека мостот на ул.„Индустриска" ќе биде реконструиран во блиска иднина со одлука на Влада поради прогласувањето на вонредната состојба заради невремето.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на средства за изградба на детска градинка во Општина Делчево, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија ( „Сл.весник на РСМ" бр.15/2022 година).

**Втора точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања, која истакна дека извршувањето на буџетот на Општина Делчево за првиот квартал 2023 година, изнесува 24,5% односно од вкупно планираните приходи во износ од 312.458.713 ден. за првиот квартал се наплатени 76.490.996 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани 102.094.000 реализирани се 24.079.568 ден. или 23,6%. Во буџетот на дотации од планирани 194.456.000 приходи реализирани се 48.152.251 односно 24,7%, во буџетот на донации од планирани 3.118.713 реализирани се 2.374.590 ден. и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 12.790.000 реализирани се 1.884.587 денари, или 14,7 %. Расходите се реализирани во износ од 70.001.533 денари од вкупно планираните 312.458.713 денари односно 22,4%, додека во основниот буџет се реализирани 21.216.128 од планираните 102.094.000 или 21%%, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека во 7 месец се разговара за нешто што изминало пред 3 месеци и апелираше во иднина кварталните извештаи да се разгледуваат навреме, најдоцна во 4 месец за да имаат советниците појасна претстава и сугерираше во иднина д асе обезбеди присуство на раководителот на Секторот за финансиски прашања кој за време на работното време ги навредува советниците на ВМРО ДПМНЕ на социјалните мрежи, да биде присутен на седницата и да се соочат очи в очи тој и советниците во врска со прашањата кои тие ги имаат до него како раководител. Во врска со оваа точка тој постави неколку прашања до раководителот на Секторот за финансии и тоа:

-Дали целосно е исплатен Градскиот пазар?

-Дали целосно се исплатени пристапните улици и паркингот кај Градскиот пазар?

-Дали целосно се исплатени изградбата на атмосферската и на фекалната канализација на Булевар „Македонија“ и на ул. „Маршал Тито“?

-Каде завршуваат парите кои се прибираат во буџетот по основ на комунална такса за улично осветлување?

-Зошто долгот на Општина Делчево е постојано во пораст, што направил тој како раководител на Секторот за финансии за намалување на долгот и која е финансиската издржливост за постојаните непотребни партиски вработувања во општина Делчево?

Бидејќи никој друг несе јавуваше за збор по оваа точка, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7„ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година.

Трета точка- Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Лејла Анакиевска-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево која истакна дека согласно член 25 став 1 од Законот за полиција, командирот на ПС од ОН до Советот на Општината двапати годишно доставува Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.Конкретно овој извештај се однесува на второто полугодие од 2022 година. Безбедносната состојба на подрачјето на општина Делчево се оценува како стабилна и поволна . Во областа на криминалитетот, споредбено со ланската година, има намалување на бројот на пријавени кривични дела за 7,5% , односно 49 (лани 53) и има намалување на бројот на сторители за 2% во однос на истиот период ланската година.

Од вкупниот број на регистрирани кривични дела најголем број се од класичниот криминалитет 39 и во вој извештаен период има зголемување на бројот на пријавени кривични дела за 14,7% во однос на ланската година. Од пријавените кривични дела со непознат сторител 10, расветлени се 9, нерасветлено е само 1. Во овој извештаен период нема деца како сторители на кривични дела за разлика од ланската година. Од класичниот криминалитет-имотни деликти има намалување за 15,4 %. Од нив 7 биле тешка кражба, 3 кражба и 1 измама. Кривични дела со елементи на насилство се регистрирани 6, насилство по член 386 од КЗ-3, тешка телесна повреда по член 131 -1 и насилство врз дете по член 201-а од КЗ., семејно насилство-5, лажно пријавување-5, , под дејство на алкохол-41 неплаќање издршка, 2-предизвикување опасност по член 288 од КЗ, употреба на исправа со невистинита содржина по член 380 од КЗ, задоволување на полови страсти пред друг-2, спречување на службено лице во вршење на службено дејствие.Од областа на економскиот криминалитет регистрирани се 5 кривични дела и има намалување на кривичните дела за 50%, регистрирани се 5 сторители на кривичните дела, а се поднесени и 5 кривични пријави. Од областа на недозволената трговија со дрога и оружје има регистрирано 5 кривични дела од 5 сторители, а од страна на ЈО има отфрлено 1 кривична пријава. Од областа на организираниот криминалитет нема регистрирано кривични дела.

Во врска со состојбата со јавниот ред и мир таа истакна дека се карактеризира со золемување на бројот на прекршоците за 31,4% во однос на истиот период лани. Регистрирани се 46 прекршоци за кои се поднесени 44 пријави и се поднесени барања за поведување прекршочна постапка против 65 лица. Најголем дел од прекршоците се физички напад-8, учество во тепачка-7, викање и непристојно однесување-1, омаловажување на службено лице-1, уживање на наракотични droги-2, фрлање и кршење на јавно место-1, лажно пријавување-7, присуство на малолетници во УО-9, вознемирување соседи-1, лажно претставување-1, игра комар-1. Во областа на патниот сообраќај евидентно е намалувањето на сообраќајните незгоди за 31,25%.Направени се вкупно22 сообраќајки наспроти 32 ланската година, со тешки телесни повреди се 3, а со телесни повреди 6, помала материјлна штеа се 13, загинати лица нема. 12 сообраќајни незгоди се случиле во населено место, а 10 на локален и на регионален пат. Поведени се 426 барања за поведување на прекршочна постапка, издадени се 1269прекршочни платни налози од кои 834 се наплатени. Од сообраќај се исклучени 220 возачи, 46 возила, алкотест е употребен во 441 случаи и кај 60 лица е утврдено присуство на алкохол. Одземени се 64 возачки дозволи, крв и урина е земено во 6 случаи, извршена е контрола над 5927 возачи и возила. Во делот на примена на полоциските овластувања, таа истакна дека во овој извештаен период во 1 случај е употребено средство за присилба (лисици за врзување). Во врска со бесправната сеча на шуми, овој пеиод се спроведени 6 контроли во врска со бесправната сеча на шуми и не се поднесени кривични пријаво за крашба на дрва. Во угостителските објекти се спроведени 24 акциски контроли и се констатирани 9 прекршоци по член 21 од заонот. Во извештајниот период се регистрирани 5 пожари од кои 2 се на приватен имот и 3 на општествен имот. Во делот на превенција, таа истакна дека континуирано се работи на терен на превентивни проекти и реализирање на низа превентивни активности.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој и се заблагодари на командирот за нејзиното образложение . Тој тече две прашања. Првото се однесува на еден проблем којшто е актуелен, а се однесува на оштетувањето односно отворената дупка предизвикана од невремето, како и оштетувањата на мостот кај Црквенска Река. Тој праша колку МВР има увид во тоа бидејќи е јавна тајна дека оштетувањата на мостот на неговите столбови е настанато како резултат на несовесното црпење на песок од страна на ЈКП „Брегалница“-Делчево, како и други правни и физчки лоца,

Лејла Анакиевска истакна дека до нив како МВР, односно ПС од ОН нема таква информација дека оштетувањата на мостот и отварањето на дупката на коловозот се од тие причини што ги истакнал советникот бидејќи ако било така, дупката на мостот ќе се отворела и претходно, а не непосредно по невремето кое го зафати Делчево. Што се однесува за проблемот со дупката на коловозот,таа рече дека припадници на МВР биле на лице место веднаш по настанувањето на проблемот и цело време го обезбедувале местото и го пренасочувале сообраќајот додека сообраќајот се одвивал само по 1 коловозна лента.Што се однесува до тешките товарни возила, уште на Граничниот премин им било кажувано дека треба да се движат преку Берово така што од страна на МВР се било преземено навреме и немало застој на сообраќајот на тој патен правец.

Иван Гоцевски рече дека тој мост не е безбеден за движење на тешките товарни возила бидејќи може да дојде до пропагање заради оштетувањата, а командирот рече

дека на тој мост колку што таа има информации, нема ограничувања за тонажата на товарните возила и дека тоа не е во надлежност на МВР.

Иван Гоцевски рече дека на некои места во градот треба да се подобри безбедноста во сообраќајот, особено на местата околу двете основни и средното училиште. Во таа смисла предложи да се обебеди привремен па вркинг простор зад гимназијата (на старото игралиште) каде родителите на децата би ги оставле своите автомобили и апелираше до вработените во сите интитуции да не ги паркираат своите возила околу училиштата бидејќи навистина е непрегледно, се  создава гужва кога родителите ги носат своите деца на училиште. Тој предложи да се обележат и обебедат пешачките рремини и праша зошто после една година од претходното невреме се уште не се поставени сообраќајните знаци кои беа оштетени (турнати) од невремто ланската година?

Реплика на Иван Гоцевски имаше Кирил Тренчевски кој рече најверојатно заради ситни политички поени координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ поставил повеќе прашања во врска со оваа точка и покрај тоа што командирот дала одговор на неговите прашања дека дупката на магистралниот пат (мостот на Црквенска Река) е резултат на  последиците од невремето, а не на црпењето песок. Исто така таа одговорила и за тешките товарни возила, односно дека на мостот нема ограничувања за движење на тешките товарни возила и дека тонажата и дека тоа не е во надлежност на МВР.

Контра реплика имаше Иван Гоцевски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ и понатаму ќе поставува прашања кои се однесуваат на сите проблеми со кои се соочуваат граѓаните на општина Делчево и дека како советничка група и ОК на јавноста ќе достават слики за состојбата на мостот пред  невремето и по невремо да видат граѓаните дали оштетувањата на мостот се од невремето или пред тоа (од црпењето на песокот).

Сунчица Ѓорѓиева рече дека од извештајот се гледа дека  има зголемувања на делата кои се однесуваат на  нарушувањата на јавниот ред и мир и предложи МВР да ги превенира делата кои се однесуваат на уништување на урбана опрема, рекламни паноа, парковска опрема и реквизити бидејќи евидентно е последните години дека се случува уништување и демолирање од страна на некои несовесни лица. Таа апелираше сторителите да бидат откриени и соодветно санкционирани. Таа исто така предложи ако може и населението да се вклучat и да  бидат на некој начин помагачи на МВР, анонимно да ги пријавуваат несовесните и прекршителите на законите и во областа на сообраќајот и во областа на нарушувања на јевниот ред и мир. Таква позитивна  пракса има во повеќе западно-европски држави, полицијата добро си ја врши својата работа и имате пофалби за тоа Вие како командир, но сепак, не може да биде секогаш насекаде присутна, рече таа.

Командирот на ПС од ОН Делчево рече дека таа и минатиот пат кога била образлагач на ваква точка рекла дека полицијата стои на располагање и секој граѓанин може да поразговара со секој полицаец во врска со пријавување на некој проблем, а може и доколку сакаат да останат анонимни.

Сунчица Ѓеорѓиевска рече дека на тој начин може да се помогне и да се спречи дури и семејно насилство доколку се пријави благовремено, а има често такви случаи, се случува и ќе се случува и во иднина.

Оливера Ташевска ја праша командирот на ПС од ОН Делчево дали таа има сознание за кој временски период ќе биде решен/саниран проблемот со претходно спомнатиот патен правец бидејќи веќе поминале две недели од невремто, а проблемот се уште не е решен?

Лејла Анакиевска-командир на ПС од ОН Делчево рече дека таа нема сознанија околу тоа прашање бидејќи за решавање на проблемот се ангажирани вработени на „Македонија пат“.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на оваа точка.

Четврта точка-Одлука за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Делчево од сите рзицици и опасности;

Образлагач по оваа точка беше Светлана Илиевска бидејќи Драган Балас-Претставник на Регионалниот центар за управување со кризи-Делчево, беше отсутен. Таа рече дека имајќи во предвид дека самата Процена како документ е многу обемна таа ќе се потруди да ја образложи накусо. На почетокот таа го истакна основот за донесување на еден ваков документ при што истакна дека Процената е во интерес на зајакнување на безбедноста на Општината и граѓаните кои живеат/ престојуваат на нејзиното подрачје, се предлага зарадиимплементирање на обврските од членот 5 од Законот за управување со кризи (Сл.Весник на РМ бр.29/05 и 36/11) каде се регулира дека за потребите на општините регионалните центри зауправување со кризи ја изработуваат, а општините (Советите на општините) ја донесуваатПроцената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба наподрачјето на општините и на градот Скопје, како и имплементирање на обврските од член 14 од“Уредбата за методологијата за изработа на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот начување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризина кои им се доставува целосна или извод од Процената“ („Сл.Весник на РМ“ број 13/11), каде е регулирано дека со одлука на Советот на општините, активностите за редовно ажурирање на Процените, координирани од надлежниот регионален центар отпочнуваат во текот на првиот квартал на годината. општина Делчево.Поради обемноста на содржината на процената (176 страни), нејзиното разгледувањеимплицира одземање на повеќе време на седниците на советот на општина Делчево и соодветнона тоа и дополнителни франсиски средства, Регионалниот центар за управување со кризиДелчево и претставниците на општината Делчево определени за подготвување и извршување наработни задачи во врска со превенција и справување со кризна сосотојба, констатираа потреба од изработка на ова резиме на Проценета кое како формален акт не се донесува, но има улога да ја приближи ажурираната верзијата до донесувачите. Ажурираната Процена од страна на Регионалниот Центар за управување со кризи Делчево во целост е доставена во електронска верзија (PDF) до Советот на општина Делчево со цел да биде доставена до

советниците на општината за нејзино разгледување до нејзиното донесување. Таа рече дека во интерес на времето, стои на располагање доколку советниците имаат некои дополнителни прашања.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша што е со исплатата на штетата од пожарот пред 2 години бидејќи граѓаните секојдневно прашуваат, дали образлагачот на точката има информации дали тоа како прашање е доставено до министерот и до директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието?

Светлана Илиевска рече дека Центарот за управување со кризи воопшто не е надлежен за исплатата на финансиски средства за обесштетување на имотите на граѓаните од пожарот во 2021 година.

Иван Гоцевски рече дека во Процената на едно место стои дека не постои можност од поплави и лизгање на земјиштето, но според него заради катастрофалните пожари пред 2 години дрвната маса значително е намалена и не само што постои реална опасност од поплави и лизгање на земјиштето туку тоа е и причина за поплавување. Немањето вегетација на земјиштето, буквално голи ридови, е причина за поплави и лизгање на земјиштето или создавање свлечишта во услови на појак пороен дожд и можеби треба да се обрати внимание за пошумување на тој опфат каде од пожарите беше уништена огромна дрвна маса.

Таа реше дека Шумското стопанство според план и програма постојано вршат пошумување.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за **за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Делчево од сите рзицици и опасности.**

**Петта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека во периодот помеѓу две седници до Одделниеto за урбанизам се пристигнати 5 иницијативи за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година, од кои 3 се иницијативи за урбанистички проект и тоа за одобрување и тоа во надлежност на Општина Делчево:

-Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 7 ( Донесување – одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ) после подточката 7.24 се додава нова подточка :

- Подточка 7.25 која гласи : Урбанистички проект за инфраструктура за намена Е1.5 - Разделна шахта на дел од к,п.7293 ко Делчево - Општина Делчево;
- Подточка 7.26 која гласи : Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.5 Разделна шахта на дел од к,п.175 ко Тработивиште - Општина Делчево.Овие две се урбанистички проекти за водоснабдување на градот Делчево бидејќи по дополнителни анализи потребно е да се изработат разделни шахти на главниот цевковод и на влезот во Делчево (кај некогашниот Монопол). Финансиер на овие шахти е Оштина Делчево

- Подточка 7.27 која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за подземен нисконапонски кабелски вод ( 10/20 kv ) приклучок на столб кп бр. 7079 к.о. Бигла до кп. бр. 8805 ко Драмче.Истата е приватна иницијатива , се работи за поставување на кабел покрај магистралниот пат и за истото има Изјава за финансирање од страна на ивеститорот.

Во Глава В ( Останато ) во точка 9 ( По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат урбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план , надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината), после точката 9 се додаваат 2 нови подточки и тоа :

- подточка 9.1 која гласи : Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници: Североисток од спој на ендек со осовина на улица „Солунска" до спој со ендек на исток, од спој на улица „Солунска" со ендек по осовина на ендек ( кп. 8989/1) кон југ до спој со граница на Генерален урбанистички план, од спој со граница нна ГУП по западна граница на ГУП до спој со ендек на запад (кп 8663 ),од спој со ендек по течение на ендек кон север до спој со улица „Солунска". Ова е зона над Стариот монопол.
- подточка 9.2 која гласи : Измена и дополнување на детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од Блок 2.2 Кожара ( кп 6017) град Делчево. Тој рече дека овој план бил донесен пред некое време и повторно има потреба од измена и дополнување на истиот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка,

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека го интересира конкретно подточка 9.2 , односно – што е измената и дополнувањето на ДУП-от?

Горан Петровски рече дека заборавил да истакне дека и тоа е приватана иницијатива, инвеститорот нема услови да дооформи. Во неговата површина со претходниот план се опфатени приватни површини (парцели) не знам точно колку квадрати кои не е во можност да ги докупи. Сопствениците на земјиштето не сакаат да му го продадат и не може да направи дооформување, затоа почнува постапка со која ќе ги издвои тие сопственици на приватно земјиште и ќе може да си ги реши неговите интереси.

Претседателот на Советот праша во врска со подточка 9.1 која гласи : Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6, кој ја поднесува Иницијативата, кој ја финансира и која ја кофинансира?

Горан Петровски рече дека до Одделението за урбанизам, усно од страна на градоначалникот е пренесено да се проверат локациите, површини, локациите се проверени, таму има од 5 до 7 приватни, нови локации, кои кога би се урбанизирале, градоначалникот претпоставувам дека има информации, би имало интерес за лицитација, откуп на тоа земјиште. Изработката на документацијата според проценката е околу 8 до 9 илјади евра.

Претседателот праша кој ќе ја финансира изработката на документацијата, а Г.Петровски рече дека финансиер ќе биде Општина Делчево. Со тоа што од тие 5 или 7

локации, со просечна површина од 250 до 400 м2 и 20 евра за 1м 2, општината би имала финансиски бенефит.

Иван Гоцевски праша во врска со подточка 7.27 која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за подземен нисконапонски кабелски вод ( 10/20 kv ) приклучок на столб кп бр. 7079 к.о. Бигла до кп. бр. 8805 ко Драмче. Тој рече дека претпоставува дека тој кабел најверојатно ќе го инсталира ЕВН Македонија, а сите знаеме како беа оштетени тротоарите на булевар Македонија при поставување на таков кабел и како после неквалитетно и нестручно беа санирани, имаше дури и кривични пријави, а од страна на Општина Делчево немаше никаква реакција и информација. Во таа смисла тој праша дали во таков случај има некакви финансиски импликации по општина Делчево и дали може да реагира кога од страна на инвеститорот се прекопуваат улици и тротоари, а потоа неквалитетно се санираат тие прекопи (како што беше случај во централното градско подрачје).

„Станува збор за приватна иницијатива, се работи за поставување на кабел покрај магистралниот пат. Начелно трасата би била од место викано „В`ко“ до „Лештаро“ и доколку минува во приватни парцели или ако има некакви оштетувања, сето тоа паѓа на товар на инвеститорот, рече. Имаме начелна траса од позиција до позиција и груба траса покрај магитралниот пат Делчево-М.Каменица. Во текот на постапката и ажурираните податоци ќе се достави и допонителна докуметација со податоци каде точно ќе минува трасата, низ кои парцели“,рече Г.Петровски.

Иван Гоцевски праша дали од страна на Општина Делчево се прави увид пред започнувањето на некои работи и по завршувањето на работите затоа што се случува да се уништува ооштински имот, државен имот, приватен имот, улици, тротоари, патишта, се сечат дворни огради и слично? Колку Општина Делчево има надлежност во тоа да му наложи или секој инвеститор да има обврска ја врати во првобитна положба улицата, тротоарот и слично?

Горан Петровски рече дека со добивањето на Одобрение за градење општинскиот инспектор треба да ги котролира работите на терен во било која фаза, оние кои се во опфат на Општина Делчево, не постои друг алат за контрола освен инспекторот.

Тони Стаменковски праша дали кога се изготвува таа Програма за урбанистички планови

Горан за урбанистичките проекти, првите три точки се проценка на Одделението и ги ставаме во Програмата за урбанистички планови само заради запознавање на вас-советниците и на граѓаните, тоа е само препорака од некои советувања, инаку немаме обврска. Но, имаме законска обврска за деталните урбанистички проекти. Има формирано Партиципативно тело кое е составено од најразлични профили.Во подоцнежна фаза, во текот на постапката има јавен увид, тоа се објавува на веб страната, на страната Е-урбанизам.

Гоце Попов накусо побара одговор за текот на постапката за подточките 9.1 и 9.2, кој ги донесува тие планови

Горан Петровски рече дека за тие две подточки согласноста за дава Министерството за транспорт и врски, постапката се води од Општина Делчево. Искрено нема донесено детален урбанистички план ако не е вратен од страна на МТВ по неколку пати, некогаш и петпати. Постапките траат повеќе години (најрано е 3 години).

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот ја затвори расправата, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе **Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;**

**Шеста точка-Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план за Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Николина Петровска Мавродиева која имаше изготвено и презентација во врска со оваа точка.Таа истакна дека Стратегијата за безбедност на патиштата со Акцискиот план за Општина Делчево за 2023 година претставува документ кој носи стратешки, плански и одговорен пристап на Општина Делчево на полето на безбедноста во сообраќајот на територијата на Општина Делчево и дека овој документ е неопходна алатка и одговор на Општина Делчево за поголема безбедност на сите учесници во сообраќајот. Во продолжение беа истакнати и некои факти кои се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево. Во периодот од 2020 до 2021 година на патиштата во Општина Делчево се случиле 75 сообраќајни незгоди во кои биле повредени 51 лице, а 4 лица загинале. Беше потенцирно дека за остварлив стратешки план, неопходна е вклученост на сите институции, организации и поединци кои живеат или работат на подрачјето на нашата Општина и дека само преку интегрирано делување, нашата локална заедница можеме да биде безбедно место за сите учесници во сообраќајот, како за нашите сограѓани, така и за сите кои транзитираат низ нашата општина. На крајот беше истакнато дека овој документ е резултат на тоа што Министерството за транспорт и врски овозможило Општина Делчево да биде дел од проектната активност „Преглед на капацитетите за управување со безбедноста во сообраќајот и подобрување на капацитетите за управување на сообраќајот на локално ниво“ и беше изразена благодарност до Министерството за транспорт и врски и на сите активни учесници во изработката на документот.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали и колку пати НП. Мавродиева при во текот на изработката излегла на терен за да ги види необележените пешачки премини, оштетени патни правци и паднати и се уште непоставени сообраќајни знаци од невремето минатата година?

НП. Мавродиева рече дека Акцискиот план има разработено 5 столба од кои во 1 столб било детектирано како проблем дека недоволно и нередовно се одржува патната и сообраќајна сигнализација и за тоа има предложени соодветни предлог-мерки.

Оливера Ташевска рече дека таа поставила прашање дали образлагачот излегува на терен и колку пати.

НП Мавродиева рече дека таа често излегува на терен, ја глеа фактичката состојба и бара начини како да се надмине и факт е дека треба таа состојба да се надмине, но потребно е да се случат и некои институционални промени, Согласно таа Стратегија одговорноста се дели на сите претходно спомнати институции и сите треба заеднички да работат за да ситата се надмине/подобри. За некои работи Општина Делчево склучува договори од кои некои од нив веќе се изминати и во тек се нови постапки за нови изведувачи.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот ја затвори расправата, а точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа, Советот на Општина Делчево ја донесе **Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план за Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување.**

**Седма точка-Годишна програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева- Виш соработник за сообраќај и патишта која истакна дека оваа програма е изработена врз основа на законските надлежности и предвидува реализација на активности за унапредување на сообраќајното воспитување и образование во училиштата и спроведување на сообраќајно-воспитни аквии, манифестации и активности за унепредување на безбедноста на патиштаѕа во нашата општина. Истата е донесена од страна на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Доколку имате прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2023 година .

**Осма точка-Предлог-Одлука за одобрување на спонзорство на Црковен одбор на с. Тработивиште;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до него како претседател на Советот е доставено барање од страна на Црковниот одбор на с.Тработивиште со кое бараат средства кои ќе бидат наменети за реновирање на црковниот трем (нов кров, комплет малтерисување, инсталација, врати, прозори и др.). Од страна на претседателот на Советот беше предложена сума од 50.000 денари.

Тој отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Зекир Абдулов кој рече дека постојано на седниците на Советот се донесуваат одлуки за финансиска помош на физички лица, невладини здруженија, спортски клубови, граѓански здруженија, цркви, но прашање е колку од тие средства стигнуваат до тие кои имаат потреба, односно прашање е дали и колку се исплатуваат и дали се исплатуваат целосно или делумно. Тој истакна дека од страна на општинската администрација има селективност во исплатата на тие средства. Во врска со овој проблем, тој поставувал и прашање на кое се уште нема добиено одговор и рече дека со таквиот однос Советот и советниците се ставени во една незавидна ситуација и дека во иднина во најмала рака ќе гласа воздржано за таквите точки.

Пртетседателот на Советот рече дека Советот е орган кој донесува одлуки од својата законска надлежност, а реализијата и извршувањето на истите одлуки се во надлежност на градоначалникот и општинската администрацијата. Ниту Советот, ниту граѓаните не се виновни ако не се исплатуваат средствата по одлуките на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на спонзорство на Црковен одбор на с. Тработивиште.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 21.06.2023;**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека ова барање е поднесено од страна на наша сограѓанка која бара средства за болничко лекување и предложи средства во износ од 20.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 21.06.2023.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1373/1 од 21.06.2023;**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека ова барање е поднесено од страна на наш сограѓаник кој има потреба од дополнителни средства за подолготрајно болничко лекување и предложи сума од 20.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1373/1 од 21.06.2023.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1378/1 од 23.06.2023;**

Во врска со оваа точка претседателот на Советот рече дека се однесува на барање на наш сограѓанин кој има тешко заболовување, правени се оперативни зафати и има потреба од дополнителна терапија и повеќе лекарства и предложи сума од 50.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1378/1 од 23.06.2023.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“- Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе претседателот на Советот кој рече дека КУД „Гоце Делчев“ има поднесено барање за финансиски средства потребни за учество на реномираниот Интернационален фестивал на музика и народни игри San Giovani - Campobasso-во Република Италија којшто ќе се оди од 21 до 25 август 2023 година. Тој предложи Советот да додели 40.000 денари.
Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево.

Тринаесетта точка-Предлог-Заклучок во врска со барање од жители на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 15.06.2023 година;

Во врска со оваа точка, претседателот истакна дека до Советот на Општината е доставено барање од жители на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 13.06.2023 година кое се однесува на преземање активности за чистење/косење на коритото на река Брегалница. Имено, коритото на река Габровчица е обраснато со трева и полно со ѓубре од невремето и постои опасност од излевање на реката и поплавување, па затоа жителите на Ново Делчево интервенирале и до ЈКП „Брегалница“ кои се огласиле како ненадлежни. Затоа на ова седница се предлага донесување на Заклучок со следната содржина:

1. Имајќи го предвид Законот за јавни претпријатија и Законот за комуналните дејности, Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево, како и Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2023 година, бр. бр.0102-408/1 од 27.12.2022 година,Советот на Општина Делчево го задолжува ЈКП „Брегалница“-Делчево:
- да изврши косење на тревата на речното корито на река Габровчица и да изврши отстранување/чистење на наносот од кал, песок, гранки и др.отпад, кој се наоѓа во коритото на р.Габровчица, на потегот од мостот на ул.„М.М.Брицо“ (во близина на седиштето на ЈКП „Брегалница“ –Делчево па се до уливот на река Габровчица во река Брегалница);

2.Заклучокот да се достави до ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека е факт оти Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ не е реалзирана ни 10% и дека е помалце чудно /смешно да се носи на седница на Совет Заклучок со кој ќе го задолжуваме ЈКП „Брегалница“ да сработи нешто што му е должност, односно е негова обврска предвидена и со Статут и со Програма за работа. Од друга страна е добро што едно барање на наши сограѓани е на дневен ред и по него е постапено од страна на Советот и во таа прилика сакам да ги охрабрам граѓаните на општина Делчево да реагираат и да поднесуваат барања и иницијативи за секојдневните проблеми со кои се соочуваат,истакна Иван Гоцевски.

Тони Стаменковски рече дека овој предлог тој го дал пред 2-3 седници. Секако дека ЈКП „Брегалница“ е надлежно за чистење и одржување на речни корита и е добро што по барање на граѓаните на дневен ред на седницата на Советот има ваква точка . Ги

охрабрувам гражаните да реагираат и да поднесуваат барања, а во исто време апелирам сите институции да си ја вршат својата работа, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот во врска со барање од жители на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 15.06.2023 година

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект викенд-куќа зграда бр.2 по барање на Ѓеорги Костадинов;**

Образлагач по оваа точка беше Андријана Соколовска која рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**358** од **24.12.2018** година, од страна на **Ѓеорги Костадинов од с.Турија - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр**. **2097 КО Делчево** запишана во имотен лист бр.**12710** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . Станува збор за земјиште во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект викенд-куќа зграда бр.2 по барање на Ѓеорги Костадинов.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;**

Образлагач по точката беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека согласно член 53 став 5 од Законот за основното образование, а зарди намален број на ученици, до Советот на Општина Делчево поднел барање за согласност за формирање паралелки со помал број на ушеници за учебната 23/24 и тоа:49 чисти паралелки од прво до деветто одделение во ЦОУ и подрачните училишта, 2 паралелки од прво до деветто за ученици со посебни потреби и 6 комбинирани паралелки од прво до петто одделение. Во прилог на материјалите заедно со барањето се доставени и табеларни прегледи, доколку имате прашања, повелете, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број

на ученици.

Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

Образлагач по оваа точка беше Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека ООУ „Ванчо Прке" бара од основачот (Советот) согласност за формирање паралелки со помал број на ученици од законски утврдениот број за учебната 2023/2024 година. Во прилог на материјалите има доставено и табеларни прегледи, ако има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА" Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „Методи Митевски Брицо"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

Образлагач по точката беше Дијана Цонева-Директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево која рече дека неколку години наназад гимназијата во Делчево се соочува со сериозен проблем околку бројот на ученици запишани во Прва година. И во двете пријавувања бројот драстично е намален, а со тоа драстично би бил намален и бројот на паралелки објавени во Конкурсот од МОН и интерниот оглас на училиштето. Имено, во јунскиот рок и во двата уписни рока се пријавени 87 ученици, од кои се запишани 86 и тоа во гимназиско 59 и 27 во стручно. Тоа би претставувало и намалување на бројот на часовите на наставниот кадар и покренување постапка за прогласување на технолошки вишок. Затоа, Ве молам да донесете одлука за давање согласност на СОУ „Методи Митевски Брицо"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја праша директорката колку се издржани големиот број на стручни паралелки и што преземале директорката и училиштето за упис на ученици од други општини?

Дијана Цонева-директор на СОУ „М.М.Брицо" рече дека од 2012 година нема отворено нова струка и ја прифаќа забелешката на советникот, но истакна дека ако се затвори некоја струка 2-3 професори би останале без работа. Самата процедура за отварање на нова струка е долга, можеби сегашните насоки не се атрактивни, од страна на училиштето е направено анкета и ќе направат се за отварање на нова струка, цели 10 години не е отворено нова струка и тоа не е во ред.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на СОУ „Методи Митевски Брицо"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

Осумнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет;

Кирил Тренчевски, до раководителот на Секторот за финансисии:

1. Колку средства се исплатени по основ на дневни трошоци (дневници) за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година од буџетот на Општината, на кои службеници и во колкав износ?

Зекир Абдулов, до градоначалникот на општина Делчево и раководителот на Секторот за финансиски прашања:

1.Колку од донесените одлуки од страна на Советот кои се однесуваат за доделување на финансиски средства (на физички лица, спортски клубови, невладини организации и здруженија на граѓани) се реализирани? За колку од нив има изготвено решенија и колку од нив се исплатени во прценти и износ?

2.Како да постапуваат граѓаните кои имаат штета од поплавите и кога има потреба од итно санирање на некој проблем, а недлежните органи и институции не реагираат и не постапуваат за решавање на нивните проблеми и воопшто не се јавуваат на нивните телефони дури и кога се повикани од страна на членовите на Советот?

Стефанија Атанасова Јовановски:

1. Зошто не се одржуваат 8-те игралишта во градот кои се доведени во многу лоша состојба и се опасност за безбедноста на младите, но и на сите граѓани? Истите се обраснати со трева, реквизитите се неофарбани и делумно искршени и нефункционални.

Оливера Ташевска, до градоначалникот на Општина Делчево:

1.Дали градоначалникот на Општина Делчево, на средбата со министерот и директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој разговарал и ги прашал дали и кога ќе им бидат средствата на луѓето чии имоти беа оштетени во пожарот пред 2 години?

2. Кога ќе биде завршена санацијата на патниот правец кон Црквенска Река кој беше во прекин два-три дена, а сега има само привремена санација?

3.Кога ќе почне санацијата на штетите на улиците кои беа зафатени со поплавите?

Дејан Георгиевски, до Секторот за урбанизам и Секторот за финансии:

1. Кој е процентот на реализација на средства предвидени со Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2023 година?

Марјанчо Велиновски, до градоначалникот и Сектор за урбанизам

1. Зошто пешачката патека Илин Камен не е осветлена, односно речиси сите светилки не светат (не функционираат), а тоа е единствената патека која ја користат сите граѓани за рекреација преку цела година?

Сашко Ивановски, до градоначалникот на Општина Делчево:

1.Дали општина Делчево има некаков план и што планира за да се угаси постојано горење на градската депонија? Доаѓа период на високи температури и опасност од пожари, воздухот е загаден и постојано мириса на чад. Дали Општина Делчево планира да издвои финансиски средства за санација на депонијата?

2.Патниот павец Делчево-с.Киселица на клучката (кај триаголникот) е оштетени е опасен по безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Во месец мај 2022 година на истото прашање имам добиено одговор дека инспекторот излегол на лице место и е констатирано дека истиот е во лоша состојба. До денес, поточно 1 година и 1 месец за санирање на проблемот од страна на општина Делчево не е преземено ништо. Прашањето е дали се планира санација на патот бидејќи оштетувањето настана при дислокацијата на депнијата за градежен шут, а Вие самите рековте дека патниот правец ќе биде доведен во првобитната состојба, односно оштетувањето ќе биде санирано.

До директорот на ЈКП „Брегалница„-Делчево

3. Енормните врнежи од дожд допринесоа за екстремно зголемување на тревната маса, нејзиното зреење и сушење е потенцијална опсаност за пожари. Прашањето е-зошто не се коси редовно тревата во Централното градско подрачје и на градските гробишта?

Иван Гоцевски, до Градоначалникот на Општина Делчево
Прашања

1.Зошто градоначалниот на Општина Делчево се уште нема одговорено на прашањата на советничката група на ВМРО ДПМНЕ кои биле упатени до него на последната прес-конференција, а кои се однесуваат на поплавите во Делчево?

2. Зошто се уште нема одговор на прашањата на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ на барањето за информација од јавен карактер број 20-1327/ 1 и 20-1327/ 2 од 14.06.2023 година доставена до Општина Делчево?

3.Што се случува со средствата кои се влеваат во буџетот на Општина Делчево од новите задолжувања по основ на комунална такса за улично осветлување?

Прашањето е како реакција на постојаното зголемување на долгот на општина Делчево и лошите финансиски показатели кои се забележани со кварталнуот извештај за првиот квартал.

Предлози

1.Предлог за санација на мостот пред градските гробишта;

2.Предлог за бранителите и тоа:

-отстапка од 30% за комуналните давачки кон Општина Делчево;

-бесплатен престој во детската градинка за нивните деца и внучиња;

3.Предлог за бесплатен оброк на учениците до петто одделение;

4.Предлог бесплатен превоз во сабота од сите села до Делчево за сите жители;

5. Предлог за свикување на седница на Комисијата за еднакви можности и разгледување на поднесеното барање бр.09-1270/1 од 09.06.2023 година од страна на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ, а кое се однесува на Предлог – Програма за измени на Програмата за родова рамноправност на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2023 година.

Иван Гоцевски, до Градоначалникот и директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

1. Кога ќе се санираат оштетувањата на асфалтот на улиците „Браќа Миладиновци“, „Острец“,„Вељко Влаховиќ“, во населба Ново Делчево, во селата Габрово и Ѕвегор бидејќи тоа е веќе подолго време?

Иван Гоцевски, до Сектор за финансиски прашања

1. Колкав е бројот на вработени во Општина Делчево (по Платен список) во месец декември за периодот од 1997 до 2022 година?

2. Бараме список на моментално вработени во Општина Делчево со име и презиме и работно место (по Платен список)?

Ели Ризова Ангеловска, до градоначалникот на општина Делчево

1. Каде завршуваат парите за улично осветлување за кое граѓаните плќаат, а го немаат?

Конкретно, во с. Град жителите повеќе од 6 месеци плаќаат за улично осветлување, а во с. Град нема улично осветлување.

До директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево- Стојче Стојковски

1. Колку пати и во кој временски период се врши чистење на речното корито на реката во с.Град?

3. Кои депонии и во кој временски период се исчистени од страна на ЈКП „Брегалница“-Делчево во с. Град?

Гоце Попов, до Градоначалникот и Раководителот на Секторот за финансии

1. Во која висина е реализацијата на средства за спортските клубови и невладините организации, за секој клуб и невладина организација посебно, во колкав износ за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година и процент на реализација?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 25.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 12.00 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов